# Темпоралната карактеристика на финитните глаголски конструкции во југоисточните македонски говори [1]

Убавка Гајдова
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“- Скопје
gajdovaubavka@yahoo.com

*Клучни зборови: југоисточни македонски говори, финитни глаголи, формална структура, функционална страна, индикативни конструкции, модално маркирани конструкции*

Цел на трудот е да се претставаат финитните глаголски конструкции во југоисточните македонски говори од гледна точка на нивната темпорална карактеристика. Под југоисточни македонски говори ги подразбираме солунско-воденските (долновардарските) и серско-лагадинските говори кои, со оглед на поголемиот број заеднички особености, сочинуваат една поголема целина во рамките на југоисточното македонско наречје.

Трудот се состои од два дела. Првиот дел е посветен на формалната структура на финитните глаголски конструкции и во него се регистрирани сите вакви конструкции евидентирани од повеќемина македонски и странски лингвисти, кои се занимавале со проучување на говорите за кои станува збор. Вториот дел од трудот е посветен на функционалната страна на финитните глаголски конструкции од аспект на граматичката категорија *време*. Граматичката категорија *време* ја определуваме како однос помеѓу времето во кое се врши глаголското дејство и говорниот момент. Во современата лингвистичка теорија *начинот* претставува надредена категорија во однос на времето, па при изработката на овој труд, финитните глаголски конструкции прво, ги определуваме во поглед на нивната модална немаркираност или маркираност. Така, како посебна целина се претставува описот на индикативните (модално немаркираните) конструкции, од една страна, и описот на модално маркираните конструкции, од друга страна. Во индикативните конструкции се опишани морфолошките конструкции, какви што се: презентот, имперфектот и аористот и перифрастичните конструкции како: перфектот I (*сум* + *л*-форма), плусквамперфектот I (*бев* + *л*-форма), перфектот II (*имам/сум* + *-н-/-т-* придавка) и плусквамперфектот II (*имав/бев* + *-н-/-т-*придавка). Модално маркираните конструкции ги претставуваме по следниот редослед: од морфолошките: императивот, од перифрастичните, прохибитивот, кондиционалот praesentis (*ќе* + *презент*) и кондиционалот praeteriti (*ќе* + *имперфект / сакав да* + *презент*). Конструкциите на кондиционалот, кај кои влијанието на балканските јазици е најсилно изразено, ги разгледуваме и од аспект на нивната врска, пред сè, со грчкиот јазик. Во оваа насока е извршена и анализата на *да-*

субјунктивот (*да + презент/имперфект*) и тоа субјунктивот praesentis во функција на футур, императив, прохибитив, оптатив и кондиционал и субјунктивот praeteriti во функција на протаза на иреалниот условен период. Посебна тема претставуваат и конструкциите маркирани по статус, а тука спаѓа употребата на конструкциите од типот: *сум/ќе сум* + *л*-форма за т.н. прекажување и во функција на адмиратив.

При анализата се користени голем број на објавени и необјавени дијалектни текстови од посочените говори. Најголем број од текстовите се запишани од лингвисти во текот на XX век, но се користени и текстови запишани од етнолози и фолклористи во текот на XIX век, од кога потекнуваат и преводите на двете анализирани евангелија: *Кулакиското и Трлиското*.

## Белешка:

[1] Сп. У. Гајдова, *Темпоралната карактеристика на финитните глаголски конструкции во југоисточните македонски говори*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Посебни изданија, кн. 33, Скопје 2002.